РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Врз основа на членот 33-б од Законот за спречување на корупцијата ( "Службен весник на РМ", бр. 28/02, 46/04 и 126/06), Државната комисија за спречување на корупцијата го пропиша следниот

# А Н К Е Т Е Н   Л И С Т

## НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА АНКЕТНИОТ ЛИСТ

1. Податоците во анкетниот лист да се внесат читливо со печатни букви. Податоците не смеат да бидат внесени со молив, преправани, неуредни и непотполни.

2.Сите рубрики треба да бидат пополнети. Во рубриките коишто по пополнувањето ќе ви останат празни, сте должни да ставите црта.

3. Со својот потпис на пополнетиот анкетен лист лицето што е законски обврзано да пополни анкетен лист тврди дека податоците коишто ги внел во анкетниот лист се вистинити и целосни.

4. Во текстот на упатството што следи, наведени се објаснувања како е направена табелата.

# I АНКЕТНИОТ ЛИСТ СЕ ПОПОЛНУВА:

☐ при избор или именување на функција/вработување

☐ по престанување на функцијата/вработувањето

# II ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

а. Име

а. Име на еден од родителите

а. Презиме

б.ЕМБГ

в. Адреса (постојано живеалиште)

г. Доколку поседувате друга адреса која што се разликува од наведената (поштенска адреса) наведете ја

д. функција

ѓ. Институција и адреса

е. Приватен фиксен и мобилен

е. Телефон во канцеларија, факс, и-меил

ж. Датум на изборот или именувањето/вработувањето

з. Датум на престанувањето на функцијата/вработувањето

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- **Податоците од затемнетите полиња претставуваат податоци заштитени со закон и тие не се објавуваат**
- **Доколку просторот на овој формат не е доволен, продолжете да пополнувате на фотокопија од него**

5. Во делот на рубриките означени со **I** Анкетниот лист се пополнува, со ставање знак во еден од квадратите пред текстот се означува кога се доставува анкетниот лист, при избор или именување/вработување на функција или по престанување на функцијата/вработувањето.

6. Во делот на рубриките означени со **II** Лични податоци, се внесуваат личните податоци на обврзникот.

Делот ги содржи следните рубрики:

а. **Име, име на еден од родителите, презиме** – целосно име, полно име на еден од родителите и презиме.

б. **ЕМБГ** - единствен матичен број на граѓанинот.

в. **Адреса (постојано живеалиште)** - назив на местото, улица и број кои што се исти со податоците во службената евиденција на МВР.

г. **Доколку поседувате друга адреса која што се разликува од наведената (поштенска адреса)** - назив на местото, улица и број кои не се идентични со податоците во службената евиденција на МВР.

д. **Функција** – се внесува називот на функцијата која ја вршите.

ѓ. **Институција и адреса** – целосен назив на органот, институцијата или друго правно лице во која обврзникот е избран, именуван или е одговорен, и назив на местото, улица и број.

е. **Приватен фиксен и мобилен телефон, телефон во канцеларија, факс, и-меил** - број на приватен фиксен и мобилен телефон, како и број на телефон и факс во канцеларија и и-меил

ж. **Датум на изборот или именувањето/вработувањето** - точен датум на изборот или именувањето/вработувањето на функцијата.

з. **Датум на престанувањето на функцијата/вработувањето** - точен датум на престанувањето на функцијата.

## III ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО ШТО ЖИВЕАТ ВО СЕМЕЈНА ЗАЕДНИЦА, А КОИ ПОСЕДУВААТ ИМОТ

| Име | Име на еден од родителите | Презиме | Сродство |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

## IV НЕДВИЖЕН ИМОТ

| | а | б | в | г | д | ѓ | е | ж | з |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Сопственост (да се користат ознаките) | Вид | Површина | Адреса на којашто се наоѓа имотот | Држава, град или населено место кадешто се наоѓа имотот | Година на стекнување | Вредност (во денари) | Делот што го поседувате | Основ на стекнување (да се користат ознаките) |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**
- **Податоците од затемнетит е полиња претставуваат податоци заштитени со закон и тие не се објавуваат.**
- **Доколку просторот на овој формат не е доволен, продолжете со пополнувањето на фотокопија.**

7. Во делот на рубриките означени со **III** Членови на семејството што живеат во семејна заедница, а кои поседуваат имот, се запишуваат личните податоци на членовите на семејството што живеат во семејна заедница со обврзникот ако имаат имот.

Делот ги содржи следните рубрики:

**Име, име на еден од родителите, презиме, сродство** - Целото име, името на еден од родителите, презимето и сродство со лицето обврзано да пополни анкетен лист.

8. Во делот на рубриките означени со **IV** Недвижен имот, се впишуваат податоците за недвижниот имот.

Делот ги содржи следните рубрики:

а. **Сопственост** - податоците за сопственоста на имотот се внесуваат со користење на ознаките за сопственоста со следните значења:

**Л - означува личен имот;**
**С - означува имот на брачен другар (сопруг, сопруга);**
**Д - означува имот на деца;**
**З - означува заеднички имот;**
**БР - означува имот на брат;**
**СР - означува имот на сестра;**
**РО - означува имот на родител.**

б. **Вид** - вид на недвижноста (пр: куќа, стан, деловен простор, земјиште, производни капацитети и др)

в. **Површина** - површина на недвижниот имот во вообичаените мерни единици (пр: 80 $м^2$)

г. **Адреса на којашто се наоѓа имотот** - улица и број на недвижниот имот (или катастарска парцела и општина). Податоците кои се внесуваат во оваа рубрика треба да бидат исти со податоците во службената евиденција

д. **Држава, град или населено место кадешто се наоѓа имотот** – се внесува точниот назив на градот или населеното место во кое се наоѓа недвижниот имот.

ѓ. **Година на стекнување** - година на стекнување на недвижниот имот која е иста со податокот од службената документација.

е. **Вредност во денари** - се наведува пазарната вредност на имотот изразена во денари.

***ж.* Делот што го поседувате** – да се наведе делот којшто го поседувате од одреден имот. Податоците кои се внесуваат во оваа рубрика треба да бидат исти со податоците во службената документација.

з. **Основ на стекнување** - податоците за основот на стекнување на имотот се внесуваат со користење на следниве ознаки, и тоа:

**НАС - стекнување со наследство**
**ДПО - стекнување со договор за подарок;**
**ДКП - стекнување со договор за купопродажба;**
**ДГР - стекнување со договор за градба;**
**СДН - стекнување на друг начин;**

# V ПОДВИЖЕН ИМОТ

| | а | б | в | г | д | ѓ | е |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Сопственост (да се користат ознаките) | Вид | Марка и тип | Година на производство | Година на сеткнување | Вредност (во денари) | Основ на стекнување (да се користат ознаките) |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

# VI ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И УДЕЛИ

| | а | б | в | г | д | ѓ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Сопственост (да се користат ознаките) | Вид | Количина/висина | Вредност (во денари) | Година на сеткнување | Основ на стекнување (да се користат ознаките) |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**
- **Податоците од затемнетите полиња претставуваат податоци заштитени со закон и тие не се објавуваат.**
- **Доколку просторот на овој формат не е доволен, продолжете да пополнувате на фотокопија од примерокот.**

9. Во делот на рубриките означени со **V** Подвижен имот се внесуваат податоците за подвижниот имот.

Делот ги содржи следните рубрики:

а. **Сопственост** - податоците за сопственоста на имотот се внесуваат со користење на ознаките за сопственоста наведени во третата страница на ова упатство.

б. **Вид** - вид на движниот имот од поголема вредност (пр: моторни возила и други превозни средства, уметнички и колекционерски предмети и антиквитети, накит, машини и друга опрема, благородни метали и др.)

в. **Марка и тип** - име на производителот и име на серијата на производството (пр: опел-корса)

г. **Година на производство** - се внесува годината на производството наведена во службената евиденција.

д. **Година на стекнување** - година на стекнување на недвижниот имот треба да е иста со податокот од службената документација.

ѓ. **Вредност во денари** - се наведува пазарната вредност на имотот изразена во денари.

е. **Основ на стекнување** - податоците за основот на стекнување на имотот се внесуваат со користење на ознаките наведени на третата страница на ова упатство.

10. Во делот на рубриките означени со **VI** Хартии од вредност и удели се запишуваат податоците за хартиите од вредност и уделите.

Делот ги содржи следните рубрики:

а. **Сопственост** - податоците за сопственоста на имотот се внесуваат со користење на ознаките за сопственоста наведени на третата страница на ова упатство.

б. **Вид** - вид на хартии од вредност како акции, обврзници, сертификати за депозит, благајнички комерцијални и државни записи и друго.

в. **Количина/висина** - податоци за бројот на хартиите од вредност.

г. **Вредност** - се запишува номиналната вредност на хартиите од вредност изразена во денари.

д. **Година на стекнување** - година на стекнување на хартиите од вредност

ѓ. **Основ на стекнување** - податоците за основот на стекнување на хартиите од вредност се внесуваат со користење на ознаките наведени на третата страница на ова упатство.

# VII ПОБАРУВАЊА

| | а | б | в | г | д | ѓ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Побарувач (да се користат ознаките) | Вид | Вредност (во денари) | Време на стекнување на долгот | Субјект со кој е воспоставен односот | Основ на стекнување (да се користат ознаките) |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

# VIII ДРУГИ ПРИХОДИ

| | а | б | в | г | д |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Сопственост (да се користат ознаките) | Вид | Висина (во денари) | Субјект во/од кој се остварува приход | Време кога е/се остварува приходот |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**
- **Податоците од затемнетите полиња претставуваат податоци заштитени со закон и тие не се објавуваат.**
- **Доколку просторот на овој формат не е доволен, продолжете да пополнувате на фотокопија од примерокот.**

11. Во делот на рубриките означени со **VII** Побарувања, се впишуваат податоците за побарувањата

Делот ги содржи следните рубрики:

а.**Побарувач** - податоците за побарувачите се внесуваат со користење на истите ознаки како и за сопственоста наведени на третата страница на ова упатство.

б. **Вид** - се внесуваат податоците за видот на побарувањата (пр: побарување по основ на заем, обврзници и др.).

в. **Вредност** - податоци за вредноста на побарувањата.

г. **Време на стекнување на долгот** - се запишуваат целосни податоци за датумот, месецот и годината на воспоставување на должничко-доверителскиот однос.

д. **Субјект со кој е воспоставен односот** - се внесуваат точни податоци на субјектот.

ѓ. О**снов на стекнување** - податоците за основот на стекнување на хартиите од вредност се внесуваат со користење на ознаките наведени на третата страницаа на ова упатство.

12. Во делот на рубриките означени со **VIII** Други приходи, се впишуваат податоците за други приходи.

Делот ги содржи следните рубрики:

а. **Сопственост** - податоците за сопственоста на имотот се внесуваат со користење на ознаките за сопственоста наведени на третата страница на ова упатство.

б. **Вид** - вид на други приходи кои не спаѓаат во редовните лични примања како дивиденда, рента, камати на депозити, хонорари по основ на авторски и други права и др.

в. **Висина** - податоци за висината на приходите изразена во денари.

г. **Субјект во/од кој се остварува приходот** - се внесува целосниот назив на субјектот во/од кој се остварува приходот.

д. **Време кога е/се остварува приходот** - се внесуваат податоци за времето (ден, месец, година) во кое е остварен или се остварува приходот.

# IX БАНКАРСКИ ДЕПОЗИТИ

| | а | б | в | г | д | ѓ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Сопственост (да се користат ознаките) | Вид | Банка или друга финансиска институција | Висина во време на пополнувањето на овој анкетен лист | Време на депонирањето | Основ на стекнување (да се користат ознаките) |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

# X ДОЛГОВИ

| | а | б | в | г | д |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Должник (да се користат ознаките) | Вид | Вредност (во денари) | Време кога е земен долгот | Време кога ќе се подмири долгот |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**
- **Податоците од затемнетите полиња претставуваат податоци заштитени со закон и тие не се објавуваат**
- **Доколку простторот на овој формат не е доволен, продолжете да пополнувате на фотокопија од примерокот.**

13. Во делот на рубриките означени со **IX** Банкарски депозити, се внесуваат податоците за банкарските депозити

Делот ги содржи следните рубрики:

а. **Сопственост** - податоците за сопственоста се внесуваат со користење на ознаките наведени на третата страница на ова упатство.

б. **Вид** - се внесуваат податоците за видот на банкарските депозити, дали се тоа денарски или девизни депозити во книшка или платежна картичка.

в. **Банка или друга финансиска институција** - се внесуваат точни податоци за називот на банката или друга финансиска институција во која се депонирани депозитите.

г. **Висина во време на пополнувањето на овој анкетен лист** - висина на банкарските депозити во време на пополнувањето на овој анкетен лист (изразени во денари или девизи).

д. **Време на депонирањето** - се внесуваат податоци за времето (ден месец и година) на депонирањето на банкарските депозити.

ѓ. **Основ на стекнување** - податоците за основот на стекнување на банкарските депозити се внесуваат со користење на ознаките наведени на третата страница на ова упатство.

14. Во делот на рубриките означени со **X** Долгови, се внесуваат податоците за долговите

Делот ги содржи следните рубрики:

а. **Должник** - податоците за должникот се внесуваат со користење на истите ознаки како и за сопственоста наведени на третата страница на ова упатство.

б. **Вид** - се внесуваат податоците за видот на долгот (пр: кредити, заеми и др.).

г. **Вредност -** се внесуваат податоци за вредноста на долгот изразена во денари.

д. **Време кога е земен долгот** - се внесуваат податоци за времето (датумот, месецот и годината) на воспоставување на должничкиот однос.

ѓ. **Време кога ќе се подмири долгот** - се внесуваат податоци за времето (месецот или годината) за кога е предвидено да се подмири долгот.

# XI ДРУГ ИМОТ

| | а | б | в | д |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Сопственост (да се користат ознаките) | Опис | Вредност (во денари) | Основ на стекнување (да се користат ознаките) |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- **Податоците од затемнетите полиња претставуваат податоци заштитени со закон и тие не се објавуваат**
- **Доколку просторот на овој формат не е доволен, продолжете да пополнувате на фотокопија од примерокот.**

ПОТПИС НА ПОДНОСИТЕЛОТ

_______________________________

_____________201___ год.

15. Во делот на рубриките означени со **XI** Drug imot, се запишуваат податоците за друг имот којшто го поседувате

Делот ги содржи следните рубрики:

а. **Сопственост** - податоците за сопственоста се внесуваат со користење на ознаките наведени на третата страница на ова упатство.

б. **Опис** - се внесуваат детални податоци за имот кој не е опфатен во горенаведените категории (пр: вредност што се чува во банкарски сефови и друго).

в. **Вредност (во денари)** - се наведува пазарната вредност на имотот изразена во денари.

г. **Основ на стекнување** - податоците за основот на стекнување на имотот се внесуваат со користење на ознаките наведени на третата страница на ова упатство.

16. По пополнувањето на анкетниот лист, истиот заедно со

**- изјавата заверена кај нотар за откажување од заштита на банкарска тајна**

по еден истоветен примерок се доставува лично или по пошта до:

***ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА***

и до

***УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ***

***додека***

***АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ КОИ ГИ ПОПОЛНУВААТ СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА СЕ ДОСТАВУВААТ ДО ОРГАНОТ ВО КОЈ СЕ ВРАБОТУВААТ***

# И З Ј А В А

Од ________________________________________________
( име и презиме)

________________________________________________
( носител на функција)

Врз основа на член 33, став 1 од Законот за спречување на корупцијата (“Службен весник на РМ” бр.2820/02, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008 и 145/2010), изјавувам дека се откажувам од заштита на банкарска тајна во однос на сите сметки во домашни и странски банки, а Изјавата нотарски заверена ја депонирам до Државната комисија за спречување на корупцијата и Управата за јавни приходи.

Подносител на изјавата,

________________________________
(своерачен потпис)

ЕМБ_________________________________

улица и број ___________________________

место: ______________________________